**БАРАЊЕ 23-1043**

**Член 25 од Законот за младинско учество и младински политики, бр. 08-327/1 од 14 јануари 2020 година , во став 2, јасно се наведува дека: "Од буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје за млади се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1% на годишно ниво".**

**Согласно со овој правен акт , дали вашата општина предвидува финансирање за спроведување на горенаведениот закон во 2024 година?**

**Доколку ДА, ве замолувам наведете го точниот финансиски износ. Воедно,наведете ги досегашните активности коишто општината ги донела согласно нејзините надлежности од истиот закон.**

**ОДГОВОР 23-1043**

**Општината нема формирано посебен буџет за млади, меѓутоа финансиски средства за подршка на млади се планираат според предлог програмите за работа на институциите, каде се користат средствата за подршка на младите.**

**Во однос на финансиска подршка за млади, општината согласно надлежностите го контролира наменското користење на финансиските средства кои општината ги предвидела за институции, кои во рамките на нивните надлежности ги користат за активности за млади.**

**Во 2023 година 1.000.000,00 денари се доделени како парична награда за ученици и ментори од основните и средни училишта за посебни достигнувања на државни и меѓународни натпревари. Исто така во 2023 година доделени се 400.000,00 денари за Општински сојуз на училишен спорт и училишни спортски натпревари.**
**Во текот на 2024 година предвидени се исто така 400.000,00 денари за Општински сојуз на училишен спорт и училишни спортски натпревари.**

**Општина Кавадарци и Здружение на млади КРЕАКТИВ Скопје (младинска организација која раководи со Младински Центар Кавадарци) имаат склучено договор за управување и раководење со Младински Центар Кавадарци од 06.07.2021 година заклучно со 06.07.2024 година. Финансиски средства предвидени и исплатени на Младински Центар според договорот за 2023 година изнесуваат 600.000,00 денари , а за 2024 година предвидени се 800.000,00 денари.**